Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ
Бр. 47/04
09.07.2014 год.
СКОПЈЕ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ХОТЕЛИ РЕСТОРАНИ И КАФИТЕРИИ
ХОТАМ
Бр. 03-40
04.07.2014 год.
ОХРИД

# ОПШТ ДОГОВОР

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА ФОНОГРАМИ И ИЗВЕДБИ ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ (ХОТЕЛИ) И УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ ЗА ИСХРАНА (РЕСТОРАНИ И БАРОВИ)

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

1. **Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ Скопје**, со **ЕМБС 6767877, (во понатамошниот текст: *ММИ*) застапувана од Извршниот директор Бодан Арсовски**, и

2. **ЗДРУЖЕНИЕ НА ХОТЕЛИ, РЕСТОРАНИ И КАФЕТЕРИИ–ХОТАМ Охрид, Партизанска бр.1-2/60 Охрид, со ЕМБС 6304818 (во понатамошниот текст: Здружението), застапувано од Претседателот М-р Дончо Таневски**

СО ОГЛЕД дека ММИ има дозвола за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи дадена од Министерот за култура на РМ бр.54-5231/2 од 10.05.2012 година, објавена во Сл.весник на РМ бр. 60 од 16.Мај, 2012 година,

СО ОГЛЕД дека Здружението претставува поголем број на корисници од категоријата на угостителско-туристички објекти

СО ОГЛЕД дека во согласност со член 139 став 1 точка 1 од Законот за авторското и сродните права (во понатамошниот текст: *ЗАПСП*), и член 46 став 1 алинеа 2 на Статутот на ММИ е предвидена можност висината на надоместоците за користење на предметот на сродното право да може да се определи со општ договор склучен помеѓу организацијата за колективно управување и здруженијата на одделни категории на корисници, односно нивните комори, што го претставуваат мнозинството корсиници на соодветната категорија,

СО ОГЛЕД дека со склучување на Општ Договор на ниво на Здружение на одредена категорија корисници се постигнува можност за брзо перцепирање на корисниците од соодветната категорија и ефективна наплата на надоместоците

договорните страни, на ден 24.06.2014 година во Скопје, постигнаа согласност за следното

1. **ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

1.1. Предмет на овој договор е утврдување на висината на надоместокот за јавно соопштување (во понатамошниот текст: користење) на фонограми издадени за комерцијална цел (во понатамошниот текст: *фонограми*) и изведби што самите по себе се радиодифузни или се направени од снимка (во понатамошниот текст: *изведби*) во угостителските објекти за сместување и исхрана на членките на Здружението (во понатамошниот текст: *Корисниците* .

1.2. Списокот на членки на Здружението, со потребни податоци за истите (фирма, седиште и ЕМБС), со специфицирани угостителски објекти со кои стопанисуваат истите (назив на објектот, седиште и површина (за угостителските објекти за исхрана-ретсорани и барови) претставува составен дел на овој Договор. Здружението е должно да доставува редовно и навремено информации за сите промени по однос на членството и нивните угостителски објекти.

2. **ОСНОВИЦА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ**

2.1 Висината на надоместокот за користење на фонограми и изведби во угостителските објекти за сместување ќе се утврдува во паушален износи од 2,00 мкд за секое реализирано ноќевање во угостителскиот објект за сместување во текот на една година, односно во текот на еден месец.

2.2 Висината на месечниот надоместок за користење на фонограми и изведби во угостителските објекти ресторани, барови, кафетерии и друго ќе се утврдува во паушалени месечни износи кои ќе се пресметуваат за секој поединечен корисник врз основа на капацитетот, односно површината на ресторанот или барот, односно било кој друг угостителски објект за исхрана, и тоа:

2.3

| Површина на простор во м2 | До 24 часот | По 24 часот |
|---|---|---|
| Од 0 до 50 м2 | 5 бодови | 7 бодови |
| Од 51 до 100м2 | 8 бодови | 12 бодови |
| Повеќе од 100м2 | 15 бодови | 20 бодови |

2.4 Висината на бодот изнесува 60,00 мкд согласно висината на бодот утврдена во важечката Тарифа на ММИ.

3. **НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ**

3.1 Висината на надоместок за користење на фонограми и изведби во угостителските објекти за сместување за секој поединечен корисник ќе се пресметува на начин што паушалниот износ од 2,00 мкд ќе се помножи со бројот на поединечни ноќевања реализирани кај корисникот во текот на годината, односно во текот на еден месец, согласно податоците содржани во извештајот кој секој субјект го доставува на крајот на месецот до Државниот завод за статистика.

3.2 При пресметувањето на висината на надоместокот за користење утврден во точката 3.1 ќе се смета дека надоместокот вклучува и користење на фонограми и изведби во ресторанитe, кои се наоѓаат во склоп на угостителскиот објект за сместување. Во случај на постоење на угостителски објект за исхрана (ресторан или бар) кој го стопанисува истиот корисник, но тој угостителски објект е регистриран како посебна подружница на корисникот, за тој угостителски објект висината на надоместокот ќе се утврдува дополнително во согласност со точката 2.2, 2.3 и 3.3 на овој Договор.

3.3 Висината на надоместокот за угостителските објекти за исхрана (ресторани и барови) во периодот од 5 (пет) месеци во годината (од 01.Мај до 31.Септември) ќе се пресметува во 100% износ од износот пресметан согласно точка 2.2 на овој договор, а во останатите 7 (седум) месеци во годината (Јануари, Февруари, Март, Април, Октомври, Ноември и Декември), ќе се наплатува 40% од износот пресметан согласно точка 2.3. на овој Договор.

3.4 Во надоместоците од претходните точки на овој член не е вклучен данокот на додадена вредност кој ќе биде дополнително пресметуван (во случај кога ММИ ќе стане ДДВ обврзник).

4 **ДИНАМИКА НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ**

4.1 Висината на надоместокот за цела 2013 година ќе биде пресметана и фактурирана најдоцна до 15 Јули, 2014 година и истите ќе бидат платени од страна на секој поединечен корисник во рок од 15 дена од приемот на испоставената фактура, но не подоцна од 31.07.2014 година.

4.2 Висината на надоместокот за изминатите месеци од тековната 2014, заклучно со 31.07.2014 година ќе бидат пресметани и фактурирани најдоцна до 15 Август, 2014 година, и истите ќе бидат платени од страна на секој поединечен корисник во рок од 15 дена од приемот на испоставената фактура, но не подоцна од 31.08.2014 година.

4.3 Понатаму, надоместоците утврдени во точка 2 на овој Договор ќе се пресметуваат квартално, најдоцна до петтиот ден во календарскиот месец кој следи по истекот на соодветниот квартал, врз основа на фактура која ММИ ќе ја испостави на секој корисник поединечно.

4.4 Корисниците ќе бидат обврзани да го платат надоместокот во рок од наредните 30 дена по испоставувањето на фактурата.

## 5. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

5.1 Договорните страни потврдуваат дека висина на надоместоците утврдена во точките 2 и 3 на овој договор ќе се применува за оние корисници од редот на членките на ХОТАМ кои ќе го пријават користењето на фонограми во сите угостителски објекти на сместување и угостителски објекти за исхрана со кои стопанисуваат и ќе достават веродостојни податоци (пријава по статистички извештај) за бројот на реализирани ноќевања во текот на 2013 година како и за површината на угостителските објекти за исхрана, најдоцна до 05. Јули 2014 година, а податоците за реализирани ноќевања од страна на угостителските објекти за сместување заклучно со 30.07.2014 година, ќе се достават најдоцна до 05. Август 2014, поткрепени со соодветни докази за веродостојноста на истите (статистички извештај за реализирани ноќевања).

5.2 Во случај кога податоците за утврдување на висината на надоместот од претходниот став на овој член, кои ги доставил корисникот не се доволни за одредување на висината на надоместокот или пак ММИ оцени дека истите не се веродостојни, може од соодветниот корисник да побара, во одреден дополнителен рок да ги дополни податоците или да достави докази, односно дополнителни докази за податоците врз основа на кои ќе се утврди висината на надоместокот.

5.3 Заради утврдување на висината на надоместокот предвиден во точка 2.1 на овој Договор, во иднина, корисниците ќе бидат должни да доставуваат податоци за реализираните ноќевања во текот на секој квартал, во рок од два работни дена по истекот на соодветниот квартал.

5.4 Ако соодветниот корисник не го пријави користењето на фонограми и не ги достави соодветните податоци во рокот утврден во точка 5.1 на овој Договор или во оставениот рок не ги дополни податоците или не достави дополнително соодветни веродостојни докази, ММИ ќе се обиде сама да ги пронајде податоците врз основа на јавно достапни информации и документи кои можат да се прибават во соодветни институции. Во овој случај, ММИ ќе наплатува во согласност со важечката Тарифа објавена во Сл.весник на РМ бр. 142/2012.

5.5 Во случај кога корисник кој стопанисува со угостителски објект за сместување не достави податоци за бројот на реализирани ноќевања во соодветниот квартал, или доколку по дополнително барање, не ги дополни податоците, односно не достави соодветни докази за потврдување на веродостојноста на податоците, ММИ ќе наплатува од тој корисник за тој период во согласност со важечката Тарифа.

5.6 Корисниците ќе бидат должни да ја известуваат ММИ за секоја промена во користењето на фонограми и изведби, како затворање на постоечки објект, отворање на нов објект, како и доколку дојде во промена на површината на постоечки угостителски објект за сместување.

5.7 ММИ има право да ги проверува податоците доставени во врска видот и бројот на угостителските објекти со кои стопанисува Корисникот-член на ХОТАМ, како и податоците во врска бројот на реализирани ноќевања во угостителските објекти за сместување со увид во статистичкиот извештај кој се доставува до Државниот завод за статистика за соодветниот месец или преку барање за достапност на информации, како и да ја провери површината на угостителскиот објект за исхрана, преку увид и мерење на лице место во соодветниот објект од страна на овластени лица на ММИ. Корисник кој нема да дозволи увид во статистичкиот извештај или не дозволи пристап до соодветните информации или кој нема да дозволи увид и мерење на лице место во објектот, ќе биде обрзан да плаќа согласно важечката Тарифа.

5.8 За извршениот увид ќе биде составен Записник кој ќе го потпишат овластените лица на ММИ и претставник на Корисникот. Доколку претсавник на корисникот одбие да го потпише Записникот, истото ќе биде нотирано во Записникот.

## 6. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА, ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ

6.1 Овој Договор влегува во сила со денот на потпишувањето и истиот ќе се применува и за цела 2013 година.

6.2 Овој Договор се склучува со период на важност до важење на постоечката Тарифа на ММИ објавена во Сл.весник бр 142/2012.

6.3 По истекот на важноста на овој Договор, односно по влегување во сила на новата Тарифа на ММИ, ММИ ќе наплатува надоместок за користење на фонограми согласно важечката Тарифа, доколку не биде постигнат нов Општ договор.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

7.1 Во случај на спор кој би призлегол од овој Договор, договорните страни се должни да се обидат истиот да го решат спогодбено. Доколку спорот не биде решен на спогодбен начин, надлежен за решавање на истиот ќе биде Основниот суд Скопје 2 Скопје.

7.2 Договорот е составен во 5 (пет) истоветни примероци од кои по 2 (два) примерока задржува секоја договорна страна, а петтиот примерок се доставува до Министерството за култура.

**За ММИ,**

**Извршен Директор**

**За Здружението,**

**Претседател**